Уп. бр.08-98

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ТБ Дигитал Сервисес ГмбХ (TB Digital Services GmbH), со седиште на ул.Оскар-Шлемер 19-21, 80807 Минхен, Германија, доставено преку Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седницата одржана на ден 22.09.2021 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.Се утврдува дека концентрација со која ТБ Дигитал Сервисес ГмбХ (TB Digital Services GmbH), со седиште на ул.Оскар-Шлемер 19-21, 80807 Минхен, Германија има намера да стекне единствена контрола врз Лоом Технолоџис ГмбХ (Loom Technologies GmbH), со седиште на ул. Шулце-Делитш 48, 33100 Падерборн, Германија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 31.08.2021 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на ТБ Дигитал Сервисес ГмбХ (TB Digital Services GmbH), со седиште на ул.Оскар-Шлемер 19-21, 80807 Минхен, Германија, со која ТБ Дигитал Сервисес ГмбХ (TB Digital Services GmbH) Минхен, Германија има намера да стекне единствена контрола врз Лоом Технолоџис ГмбХ (Loom Technologies GmbH), со седиште на ул. Шулце-Делитш 48, 33100 Падерборн, Германија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

**ТБ Дигитал Сервисес ГмбХ** е друштво активно претежно во дигитално обезбедување на мобилност, логистички и транспортни услуги од сите видови, како и производство и дистрибуција на поврзани производи. ТБ Дигитал Сервисес е зависно друштво во целосна сопственост на ТРАТОН СЕ (TRATON SE) со регистрирано седиште на ул.Дахауер 641, 80995 Минхен (Dachauer Straße 641, 80995 Munich).

ТРАТОН СЕ е во ххх[1] сопственост на VW AG, додека VW AG е владејачко друштво на VW Групацијата. ТРАТОН го претставува бизнисот за камиони и автобуси на VW Групацијата. Преку своите брендови MAN, Scania и Volkswagen Caminhões e Ônibus, ТРАТОН произведува и продава комерцијални возила, продавајќи ххх возила во 2020 година. Ова вклучува комбиња, средни товарни камиони („MDT"), тешки товарни камиони („HDT") и автобуси. ТРАТОН (преку своите брендови) има 29 локации за производство и монтажа низ целиот свет.

Дополнително, брендот РИО е во сопственост на ТРАТОН, основан во 2017 година, кој обезбедува дигитални услуги и решенија. РИО е отворено решение базирано на облак за целиот екосистем на транспорт и логистика. РИО нуди логистичка платформа базирана на точката на допир помеѓу товарот и шпедитерот, кое ги поддржува сите страни од синџирот на испорака во дигитализација на нивното работење и поефикасна влезна и излезна логистика. Овие дигитални услуги вклучуваат следење на пратки, како и интегрирање на различни системи за ефикасно собирање и користење на податоци - на пример, за управување со снабдувањето, наплата на товар и контрола на контејнери. Услугите и решенијата на РИО се независни од производителот и можат да се користат во сите марки на камиони, преку неговата неутрална и надоградлива компонента РИО-кутија (RIO-Box).

MAN Truck & Bus е еден од водечките производители на комерцијални возила во Европа и истиот има производствени капацитети во Германија, Австрија, Полска, Русија, Јужна Африка и Турција. Портфолиото на производи вклучува комбиња, камиони, автобуси, дизел и бензински мотори, како и услуги за превоз на патници и товар. Во 2017 година, MAN Truck & Bus го прошири своето портфолио на производи за да ја вклучи класата на возила на големи комбиња и оттогаш е снабдувач со целосен опсег на комерцијални возила со бруто маса на возила („GVW") од 3.0 до 44 тони за секоја област на примена, како и специјални возила со GVW до 250 тони.

Сканиа е глобален снабдувач на решенија за транспорт. Портфолиото на производи вклучува камиони и автобуси за различни транспортни примени, заедно со бројни услуги. Сканија снабдува индивидуално конфигурирани камиони за сите сегменти, како што се транспорт на долги растојанија и

[1] Податоците обележани со ххх се деловна тајна

дистрибуција и градежна индустрија. Портфолиото на производи, исто така, вклучува бројни градски автобуси и автобуси за јавен превоз и за туристички компании.

VW Групацијата е активна ширум во светот во развојот, производството, маркетингот и продажбата на патнички автомобили, лесни комерцијални возила, камиони, автобуси, минибуси, шасии за автобуси, дизел мотори, мотоцикли, вклучувајќи резервни делови и додатоци за истите, како и во дистрибуција на возила. VW Групацијата ги вклучува, покрај ТРАТОН, возилата од марките Volkswagen Passenger Cars, Volkswagen Light Commercial Vehicles, Porsche, Audi, Škoda, SEAT, Bentley, Bugatti, Lamborghini, MAN, Scania и Ducati.

Покрај тоа, VW Групацијата обезбедува финансиски и осигурителни услуги во врска со финансирањето и давањето под лизинг на автомобили и комерцијални возила, но покривајќи уште и регуларни банкарски и други осигурителни активности. Оваа активност се спроведува главно преку Фолксваген Финансиски услуги АГ (Volkswagen Financial Services AG) и неговите зависни друштва.

VW Групацијата е активна низ целиот свет во развој, производство, маркетинг и продажба на патнички автомобили, лесни комерцијални возила, камиони, автобуси, минибуси, шасии за автобуси, дизел мотори, мотоцикли, вклучувајќи резервни делови и додатоци за истите, како и во дистрибуција на возила.

VW Групацијата има четири регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија, имено:

- **Друштво за лизинг ПОРШЕ ЛИЗИНГ ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје - Бутел, Бутел, кое врши дејност финансиски лизинг.
- **Акционерско друштво за вршење на осигурително брокерски работи ПОРШЕ БРОКЕР АД Скопје**, со седиште на ул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје - Бутел, Бутел, кое врши дејност на застапници во осигурување и осигурителни посредници.
- **Друштво за промет и услуги ПОРШЕ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. Босна и Херцеговина бр. 4, Скопје - Бутел, Бутел, кое врши трговија со автомобили и моторни возила од лесна категорија; и
- **Друштво за трговија и услуги СКАНИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Илинден**, со седиште на ул. 34, бр. 7, Илинден, Илинден, кое врши трговија со останати моторни возила.

**Лоом Технолоџис** е информатичко друштво за логистика основано според законите на Германија. Лоом Технолоџис развива и нуди систем за управување со транспорт („TMS") Cartright, кој учествува со приближно xxx од вкупните приходи на Лоом Технолоџис. Cartright е комплетно софтверско решение за транспорт, складишта и канцеларии и ги поддржува сите релевантни логистички деловни процеси. Cartright TMS има модуларен дизајн и ги содржи следните осум модули: управување со персонал и возен парк, управување со главни податоци, контрола, распоред, апликација за возачи, управување со складиште, фактурирање и сметководство, како и поддршка и поврзување (interface). Cartright TMS им овозможува на своите корисници ефикасно да го планираат,

управуваат и оптимизираат својот проток на стоки. Клиентите можат да избираат помеѓу Основна и Про верзија на системот и согласно модулите се разликуваат по обем во зависност од верзијата резервирана од клиентот. Клиент кој користи Cartright плаќа месечна претплата за лиценца.

Покрај тоа, Лоом Технолоџис им обезбедува на своите клиенти Backstrap, универзална, веб-базирана интеграциска платформа за микросервиси. Backstrap им овозможува на клиентите брзо да ги имплементираат индивидуалните барања за ИТ, а многу системи, како што се WEBFLEET, Cartright, SAP и UN/Edifact се веќе имплементирани. Backstrap ги интегрира системите што ги користат друштвата со TomTom WEBFLEET со цел да се автоматизираат процесите и да се намалат прекините во медиумите. Особено, служи како централен центар за пренос на ред и позиција помеѓу системот на друштвата и Cartright, автоматско подготвување на времето за возење и одмор за персоналот на друштвата, поврзување на TomTom WEBFLEET и давателите на телекомуникациски информатички услуги за приколки (trailer telematics providers) со системот на друштвата и проверка на положбата на возилото.

Во помала мерка, Лоом Технолоџис е исто така активен во информатички консалтинг и развој на апликации.

Лоом Технолоџис нема регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Проф.Д-р Владимир Наумовски